ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА [illegible] [illegible] МАКЕДОНИЈА
Друштво за приредување игри на среќа
Касинос Аустрија ДОО
Бр. 03-217/2
12.01. 2022 год.
СКОПЈЕ 1

| | |
|---|---|
| Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), член 19 од Договорот за основање на друштво со ограничена одговорност - Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа доо Скопје, (Пречистен текст) заведен со архивски број 02-4900/2 од 31.12.2020 година, Пречистен текст на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото бр. 02-559/1 од 04.02.2019 година, Правилата за електронска игра на среќа Lucky Balls (Среќни топчиња) со арх. бр. 03-4086/1 од 13.11.2018 година, Правила за електронска игра на среќа Кено со арх. бр. 03-4085/1 од 13.11.2018 година, Правила за електронската игра на среќа Doggy Keno (Догги Кено) со арх. бр. 03-1868/1 од 01.06.2020 година, Одлуката за претходно одобрување на усвојување и воведување на дополнителни добивки од страна на Собирот на содружници заведена со архивски број 02-6333/1 од 23.12.2021 година, Одлуката за воведување на дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot) кај електронските игри на среќа (без ВЛТ апарати) бр. 03-6333/2 од 23.12.2021 година и Одлука број 03-217/1 од 12.01.2022 година за Изменување на Одлука бр. 03-6333/2 од 23.12.2021 година, Генералниот директор на Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје ја донесе следнава: | Pursuant to the Law on Games of Chance and Entertainment Games (“Official Gazette of the Republic of Macedonia” No. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015 154/2015, 23/2016 and 178/16), Article 19 of the Agreement for the establishment of a limited liability company – Company for organizing games of chance National Video Lottery of the Republic of Macedonia – Casinos Austria DOO Skopje (consolidated text) archived under No. 02-4900/2 dated 31.12.2020, Rules for electronic game of chance Lucky Balls archived under No. 03-4086/1 dated 13.11.2018, Rules for electronic game of chance Keno archived under No. 03-4085/1 dated 13.11.2018, Rules for electronic game of chance Doggy Keno archived under No. 03-1868/1 dated 01.06.2020, The Decision for prior approval of the adoption and introduction of additional winnings adopted by the Shareholders No. 02-6333/1 dated 23.12.2021, Decision to introduce additional Jackpot winnings for the electronic games of chance – excluding VLT No. 03-6333/2 dated 23.12.2021 and Decision no. 03-217/1 dated 12.01.2022 for amendments to the Decision no. 03-6333/2 dated 23.12.2021, the General Director of the Company for organizing games of chance, National Video Lottery of the Republic of Macedonia – Casinos Austria DOO Skopje adopted the following |
| **ОДЛУКА**<br>**за воведување на дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot) кај електронските игри на среќа (без ВЛТ апарати) – пречистен текст-** | **DECISION**<br>**to introduce additional Jackpot winnings for the electronic games of chance – excluding VLT – consolidated text -** |
| **Член 1** | **Article 1** |
| Со оваа одлука се дефинираат дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot), начинот на остварување, начинот на формирање на пресметковните фондови за добивките и висина на добивките, а во согласност со Правилата за електронски игри на среќа (без ВЛТ апарати) кои се одобрени од Министерството за финансии. | This decision defines the addition Jackpot winnings, means of acquiring these winnings, the manner of establishing the winnings funds and the amount of the winnings, in accordance with the Rules for electronic games of chance (excluding VLT) approved by the Ministry of Finance. |
| **Категории на добивки** | **Categories of winnings** |
| **Член 2** | **Article 2** |
| Се воведуваат две категории на Џек Пот (Jackpot) добивки и тоа:<br>• Мини Џек Пот (Mini Jackpot),<br>• Макси Џек Пот (Maxi Jackpot) | Two categories of Jackpot winnings are introduced as follows:<br>• Mini Jackpot and<br>• Maxi Jackpot |
| Добивката Мини Џек Пот може да се постигне само кај играта Среќни топчиња (Lucky balls ). | Mini Jackpot winning can be achieved only within the Lucky Balls game. |
| За формирање на фондовите за оваа категорија на дополнителни добивки се врши издвојување од секој тикет на | For determining the accounting funds for this category of additional winnings a percentage of the amount of each ticket at each |

| | |
|---|---|
| секој терминал за прием на уплати за играта Среќни топчиња кој е приклучен во системот на дополнителни добивки.<br><br>Добивката Макси Џек Пот може да се постигне и кај играта Среќни топчиња (Lucky balls ) и кај играта Догги Кено (Doggy Keno).<br><br>За формирање на фондовите за оваа категорија на дополнителни добивки се врши издвојување од секој тикет на секој терминал за прием на уплати за игрите Среќни топчиња и Доггу кено кој е приклучен во системот на дополнителни добивки. | terminal for receipt of payments for the Lucky Balls game which is connected to the system of additional winnings shall be allocated.<br><br>Maxi Jackpot win can be achieved in both Lucky balls and Doggy Keno games.<br><br>For determining the accounting funds for this category of additional winnings a percentage of the amount of each ticket at each terminal for receipt of payments for both Lucky balls and Doggy Keno games which is connected to the system of additional winnings shall be allocated. |
| **Формирање на пресметковните фондови и параметри за добивката Мини Џек Пот (Mini JackPot)** | **Determinating the accounting funds and parameters for the Mini Jackpot** |
| **Член 3**<br><br>За формирање на пресметковните фондови на оваа категорија на дополнителни добивки се издвојува процент од износот на секој тикет на секој терминал за прием на уплати за играта Среќни топчиња кој е приклучен во системот на дополнителни добивки, и тоа:<br>• 0,5% за пополнување на пресметковниот фонд за тековниот Мини Џек Пот (Mini JackPot) и<br>• 0,2% за пополнување на пресметковниот фонд за наредниот Мини Џек Пот (Mini JackPot)<br><br>Одвојувањето на овој процент од износот нема влијание на редовните добивки на играчите. | **Article 3**<br><br>For determining the accounting funds for this category of additional winnings a percentage of the amount of each ticket at each terminal for receipt of payments for the Lucky Balls game which is connected to the system of additional winnings shall be allocated as follows:<br>• 0,5% to fill out the current Mini Jackpot fund and<br>• 0,2% to fill out the current Mini Jackpot fund.<br><br>The portioning of this percentage from the total amount does not have influence on the regular winnings acquired by players. |
| **Член 4**<br><br>Останати параметри за дополнителната добивка за Мини Џек Пот (Mini JackPot) се:<br>• Почетна (нулта) вредност на добивката: 0 (нула) денари;<br>• Почетна вредност на секоја следна добивка: во зависност од исполнетост на пресметковниот фонд;<br>• Минимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 2.000 (две илјади) денари;<br>• Максимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 4.000 (четири илјади) денари;<br>• Потребен минимален влог по тикет за постигнување на добивката: најмалку минималниот износ на уплата по тикет во согласност со правилата на играта. | **Article 4**<br><br>The other parameters for the Mini Jackpot winnings are as follows:<br>• Initial (zero) value of winning: 0 (zero) denars;<br>• Initial value for each consecutive winning: depending on the level of fullness of the accounting fund;<br>• Minimum level of fullness of the fund necessary for acquiring winnings: 2.000 (two thousand) denars;<br>• Maximum level of fullness of the fund for acquiring winnings: 4.000 (four thousand) denars;<br>• Minimum deposit required to acquire winning: at least the minimal value of ticket according to the rules of the game. |
| **Формирање на пресметковни фондови и параметри за добивката Макси Џек Пот (Maxi Jackpot).** | **Determining the accounting funds and parameters for the Maxi Jackpot prize.** |
| **Член 5** | **Article 5** |

| | |
|---|---|
| За формирање на пресметковните фондови на оваа категорија на дополнителни добивки се издвојува процент од износот на секој тикет на секој терминал за прием на уплати за игрите Срејќни топчиња и Догги кено кој е приклучен во системот на дополнителни добивки, и тоа:<br>• 1,0% за пополнување на пресметковниот фонд за тековниот Макси Џек Пот (Maxi JackPot) и<br>• 0,3% за пополнување на пресметковниот фонд за наредниот Макси Џек Пот (Maxi JackPot)<br>Одвојувањето на овој процент од износот нема влијание на редовните добивки на играчите. | For determining the accounting funds for this category of additional winnings a percentage of the amount of each ticket at each terminal for receipt of payments for both Lucky balls and Doggy Keno games which is connected to the system of additional winnings shall be allocated as follows:<br>• 1,0% to fill out the current Maxi Jackpot fund and<br>• 0,3% to fill out the current Maxi Jackpot fund.<br>The portioning of this percentage from the total amount does not have influence on the regular winnings acquired by players. |
| **Член 6**<br>Останати параметри за дополнителната добивка за Макси Џек Пот (Maxi Jackpot) се:<br>• Почетна (нулта) вредност на добивката: 0 (нула) денари;<br>• Почетна вредност на секоја следна добивка: во зависност од исполнетост на пресметковниот фонд;<br>• Минимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 150.000 (сто и педесет илјади) денари;<br>• Максимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 200.000 (двесте илјади) денари;<br>• Потребен минимален влог по тикет за постигнување на добивката: 40 денари. | **Article 6**<br>The other parameters for the additional Maxi Jackpot winnings are as follows:<br>• Initial (zero) value of winning: 0 (zero) denars;<br>• Initial value for each consecutive winning: depending on the level of fullness of the accounting fund;<br>• Minimum level of fullness of the fund necessary for acquiring winnings: 150.000 (one hundred and fifty thousand) denars;<br>• Maximum level of fullness of the fund for acquiring winnings: 200.000 (two hundred thousand) denars;<br>• Minimum deposit required to acquire winning: 40 denars |
| **Начин на остварување на добивките**<br>**Член 7**<br>Тикетот на кој се постигнува некоја од дополнителните добивки се определува со помош на генератор на случајни броеви (RNG) кој е вграден во софтверот за електронските игри на среќа а по задоволување на условите во поглед на минимална исполнетост на пресметковните фондови за соодветната категорија добивки и потребниот минимален влог за остварување на добивката. | **Winnings acquiring**<br>**Article 7**<br>The tickets with one of additional winnings is determined through a random number generator that has been built into the software for the electronic games of chance after fulfilling the conditions regarding the minimum level of fullness of the accounting fund for the corresponding category and the minimum deposit required for acquiring winnings. |
| **Исплата на добивките**<br>**Член 8**<br>За постигнување на двете категории дополнителни добивки има јасно визуелно и звучно известување на екранот на локацијата на која се примаат уплати за електронски игри на среќа.<br>Добитниот тикет со постигната Мини Џек Пот (Mini JackPot) добивка се исплаќа единствено на локацијата на која е уплатен | **Payout of winnings**<br>**Article 8**<br>The moment of winning of one of the categories of additional winnings has a clearly visual and sound notification on the location whit a terminal for receiving bets for electronic games of chance which is connected to the system of additional winnings.<br>The ticket with the Mini Jackpot winning can be paid out only on the location and terminal where the deposit for the ticket was made. |

| | |
|---|---|
| тикетот, во рокови кои важат за исплата на било која добивка од електронски игри на среќа. | The amount for the acquired Maxi Jackpot and Super Maxi Jackpot winnings is immediately printed out as cash out voucher. |
| Добитниот тикет со Макси Џек Пот (Maxi Jackpot) задолжително треба да се потврди со име и презиме, број на лична карта и потпис на лице вработено или ангажирано кај деловниот соработник кај кого е постигната добивката. | This ticket with the Maxi Jackpot must be immediately verified in reference with the name, surname, ID number and signature by a person employed or hired by the associate at whose location the winnings was acquired. |
| Тикетот кој не е потврден на начинот наведен во овој член е невалиден. | A voucher that has not been verified through the method stipulated above is not valid. |
| Износот на валидниот тикет, по претходна проверка се исплаќа на трансакциска сметка на доносителот на ваучерот единствено во просториите на Приредувачот – Државна Видеолотарија на Република Македонија. | The amount of the valid ticket, after being previously verified, is then paid out to the bank account of the ticket holder only at the premises of the Organizer – National Video Lottery of the Republic of Macedonia. |
| Кај износите кои подлежат на оданочување, добивката ќе биде намалена за износот на пресметаниот данок на личен доход при што добитникот има обврска да ги достави потребните податоци на изјава – образец. | For tax liable winnings, the amount for the calculated personal income tax shall be deduced from the amount of winnings whereby the winner is obligated to submit the necessary information for filling out the statement form. |
| Обврската за пресметка и уплата на данокот на личен доход во законски определениот рок, во име на добитникот, ја има Приредувачот – Државна Видеолотарија на Република Македонија. | The obligation to calculate and pay the personal income tax within the legally prescribed timeframe, on behalf of the winner, is assumed by the Organizer – National Video Lottery of the Republic of Macedonia. |
| Обврските околу приредување и исплата на дополнителните добивки се уредуваат во Договорите со деловните соработници. | The obligations concerning the organization and payout of additional winnings shall be regulated through the Contracts made with business associates. |
| **Завршни одредби** | **Final provisions** |
| **Член 9** | **Article 9** |
| Оваа Одлука задолжително се објавува на интернет страната на Државна Видеолотарија на Република Македонија и на уплатните места на кои се приредуваат електронските игри на среќа и се приклучени во системот на дополнителни добивки. | This Decision must be published on the National Video Lottery of the Republic of Macedonia's corporate website as well as any other locations where electronic games of chance are being organized and which are connected to the system for additional winnings. |
| **Член 10** | **Article 10** |
| Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 20.01.2022 година | The Decision enters into force on the day of its adoption, and will be applied starting from date 20.01.2022 |
| **Генерален директор,**<br>**Костадин Каракабаков** | **General Manager,**<br>**Kostadin Karakabakov** |
| (со полномошно број 03-163/1 од 10.01.2022 г.) | (with power of attorney number 03-163/1 dated 10.01.2022) |
| Директор на Сектор за информатички технологии<br>Зоран Димовски<br>__________________ | Director of the Information Technology Department<br>Zoran Dimovski<br>__________________ |
| Број____________<br>.2022 година | Number____________<br>.2022 |